

НЕ БАРАМЕ НЕКОЈ ШТО САМО ЌЕ ГИ АНАЛИЗИРА ПОДАТОЦИТЕ, БАРАМЕ НЕКОЈ ШТО ОД НИВ ЌЕ СОЗДАВА ИДЕИ.

УНИ Банка го проширува тимот во Дирекцијата за корпоративно банкарство и бара:

Аналитичар во Сектор Управување на корпоративно банкарство

Биди и ти дел од нашиот тим...

Квалификации:

- Високо образование од областа на економијата, финансиите, сметководството или сродна област;
- Најмалку 2 години работно искуство во банка, финансиска институција, ревизија, консалтинг или финансиска анализа;
- Изразени аналитички способности и логичко размислување;
- Одлично познавање на MS Office, особено Excel;
- Познавање на англиски јазик.

Што ќе работиш?

Како Аналитичар во Сектор Управување на корпоративно банкарство, ќе:

- анализа на корпоративното портфолио и однесувањето на клиентите;
- Обработува барања за физички и впос терминали;
- идентификување потенцијал за **cross-sell, up-sell и активација на постојни клиенти**;
- препознавање трендови, можности и неискористен потенцијал во портфолиото;
- анализа на продажните резултати, користењето на продуктите и активноста на клиентите;
- подготовка на business анализи, извештаи и предлози за подобрување на резултатите;
- развој и унапредување на продукти и услуги за правни лица;
- анализа на пазарот и истражување на пазарот и следење на понудата на конкуренцијата;
- учество во креирање таргетирани понуди и продажни кампањи;
- развој и унапредување на **алтернативни и дигитални канали** за корпоративните клиенти;

- соработка со продажбата, ИТ, маркетинг, ризици и останатите организациони единици при реализација на нови иницијативи;
- Изработува презентации за потребите на Банката;
- следење на резултатите од имплементираните продукти и иницијативи и предлагање нивно понатамошно подобрување.

Кого го бараме?
Бараме личност која има **аналитички начин на размислување, љубопитност за тоа како функционираат компаниите и желба да се развива во корпоративното банкарство**
Предност ќе имаат кандидатите со:

- познавање на финансиски извештаи и финансиска анализа;
- добро познавање на Excel;
- способност за поврзување на бројките со реалното работење на компанијата;
- аналитичност, прецизност и способност за аргументирано донесување заклучоци;
- добра комуникација и способност за тимска работа.

Искуство во кредитна анализа, корпоративно банкарство, ревизија, сметководство или финансии ќе се смета за предност

Ќе добиеш можност за:

- работа со компании од различни големини и индустрии;
- практично развивање на знаења од корпоративни финансии и кредитна анализа;
- учество во реални кредитни процеси и деловни одлуки;
- работа со искусен тим од областа на корпоративното банкарство;
- професионален развој и можност за понатамошно напредување во Банката;
- динамична работна средина во која иницијативата и добрите идеи се ценат.

Подготвен/а си да гледаш зад бројките?

Ако финансиските извештаи за тебе не се само табели, туку **приказна за тоа како функционира еден бизнис**, сакаме да те запознаеме.

Аплицирај и стани дел од тимот на УНИ Банка

Бенефиции:

- Конкурентен пакет на примања и дополнителни бенефиции
- Работа во професионална и динамична средина
- Обуки за личен и професионален развој
- Колективно осигурување од незгода и дополнително здравствено осигурување
- Можност за професионален развој и напредување во областа на корпоративното банкарство.

Заинтересираните кандидати кои ги исполнуваат наведените услови, потребно е да испратат кратка биографија на македонски јазик на jobs@unibank.com.mk, најдоцна до 03.12.2026 година.

***Вашата апликација ќе се третира строго доверливо. Само кандидатите кои ги исполнуваат потребните квалификции и услови ќе бидат повикани на интервју. Процесот на селекција ќе биде финализиран во законски обврзаниот рок во зависност од бројот на апликанти. Доколку на јавниот оглас се пријавиле до 200 кандидати за едно работно место изборот се врши во рок од 45 дена, од 201 до 500 кандидати за едно работно место изборот се врши во рок од 90 дена и над 500 кандидати за едно работно место изборот се врши во рок од 120 дена, по истекот на рокот на пријавувањето.**

Со аплицирање за оваа работна позиција, се согласувате Банката да може да ги собира, обработува и чува вашите лични податоци за потребите на процесот на регрутација за цело време додека трае истиот, а по завршувањето на истиот податоците може да се чуваат во базата на податоци на Банката за регрутациски потреби согласно законските прописи. Согласноста може да ја повлечете во секое време со доставување на барање за истото на следниот линк: zlp@unibank.com.mk